# КЛУБ ПРОКИК-ФЕМИЛИ Скопје

*Бул.Авној бр.74/1, Скопје*

Спортско здружение Клуб
ПРОКИК-ФЕМИЛИ
Бр. 14/2021
09.03.2021 год.
СКОПЈЕ

**До**
**Кикбокс Маитаи Федерација на Македонија**

**Предмет:** Достава на извештај за наменско користење на средства

Почитувани ,

Согласно обврските кои произлегуваат од член 14-е од Законот за спорт во прилог Ви доставуваме извештај за наменско користење на средствата добиени со ваучер систем како мерка за поттикнување на развојот на спортот.

Дата,09.03.2021

Клуб Прокик Фемили
Претседател
Жарко Михајловски

Спортско здружение Клуб ПРОКИК-ФЕМИЛИ СКОПЈЕ

**ИЗВЕШТАЈ ЗА НАМЕНСКО КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД МЕРКА ВАУЧЕР СИСТЕМ**

1. Извештај за наменско користење на средства – ваучер 2020

Агенцијата за млади и спорт на Спортското Здружение Клуб Прокик - Фемили од Скопје согласно измените во Законот за спорт и Законот на данок на добивка во 2020 година му издаде ваучер за користење на средства од даночно ослободување бр.08-475/334 на износ од 300.000,00 денари

По извршување на потребните постапки во Управата за јавни приходи и добивањето на решенија за даночно ослободување за донирање на финансиски средства на спортски субјекти наведениот ваучер во износ од 300.000,00 денари е реализиран како парична донација префрлена на наменска сметка од страна на компанијата Европски Универзитет на 28.12.2020 година.

Заклучно моментот на предавање на извештајот Спортското Здружение Клуб Прокик Фемили од Скопје средствата добиени на наменската сметка со горенаведената донација ги користеше согласно член 14-д од Законот за спорт и тоа :

- За плаќање за изнајмување на деловен простор за работа на клубот, во износ не поголем од 10% од добиените средства годишно - вкупен износ од 30.000,00 денари;
- За набавка на опрема и реквизити – вкупен износ од 40.694,00 денари.

Неискористените средства од реализираниот ваучер во вкупен износ од денари 229.306,00 денари со одлука се пренаменети за користење за 2021 година, за што ќе биде изготвено дополнување на извештај.

2.Дополнување на извештај за наменско користење – ваучер 2019

Неискористените средства од ваучер за 2019 година во вкупен износ од 84.708,00 денари кои со одлука беа пренаменети за користење за наредна година Клубот ги искористи согласно член 14-д од Законот за спорт за:

- За плати, надоместоци и бонуси на спортисти и стручен штаб – вкупен износ од 33.333,00 денари;
- За организација на патувања и престој на клубот или активниот спортист во земјата и странство заради натпреварувања или подготовки – вкупен износ од 35.764,00 денари;
- За набавка на опрема и реквизити – вкупен износ од 14.793,00 денари;
- За здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување и надоместок за осигурување од последици од несреќен случај и ризици на активни спортисти вкупен износ од 818,00 денари.

Скопје,09.03.2021

Клуб Прокик Фемили
Претседател
Жарко Михајловски